**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**Факултет за драмски уметности**
**Бр. 0202-730/10**
**01.12.2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 57 од Статутот на Факултетот за драмски уметности Скопје (У.Г.455/2019), а во врска со член 10 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Сл. весник на РСМ“ бр. 101/19), Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности, на 10-та седница одржана на ден 01.12.2021 година донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување листа на информации од јавен карактер

### Член 1

Се утврдува листата на информации од јавен карактер за кои Факултетот односно органите на Факултетот се иматели на информации.

Оваа листа на информации од јавен карактер ги содржи информациите кои ги создал и со кои располага Факултетот и тоа:

- **Акти**
  *(достапни во: Универзитетски гласник, веб страницата)*
- **Тековни активности**
  *(достапни во: огласна табла на Факултетот, веб страница)*
- **Годишни извештаи**
  *(достапни во: Универзитетски весник)*

**1. Настава**

- **Извештаи за студенти (број на запишани и дипломирани студенти на додипломски и постдипломски студии, доктори на науки)**
  *(достапни во: Извештаите на Заводот за статистика, Универзитетот)*

- **Решенија за акредитација**
  *(достапни на: веб страница)*

- **Студиски и предметни програми**

  *(достапни на: веб страница)*

- **Распоред на предавања, резултати од испити, колоквиуми и сл.**
  *(достапни во: огласна табла на Факултетот, веб страница)*

- **Регистар на наставно-научни лица и соработнички звања**
  *(достапни во: веб страница, извештај на Универзитетот, Завод за статистика, Министерство за образование)*

**2. Научноистражувачка и апликативна дејност**

*(достапни во: веб страница)*

**3. Издавачка дејност и библиотечно работење**

*(достапни во: Библиотеката на УКИМ и библиотеката во склоп на Факултетот)*

**4. Финансиско-материјално работење**

- **Годишен извештај за финансиско материјално работење**

  *(достапни во: Управата за јавни приходи, Државен завод за ревизија, Централен регистар, УКИМ и веб страна на ФДУ)*

- **Јавни набавки**

  *( достапни во: ЕСЈН)*

**Член 2**

Заштитени од правото за слободен пристап до информации се сите лични податоци за вработените и студентите согласно Законот за заштита на личните податоци, податоците од тековните финансиски активности по сите основи и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации со член 6 од Законот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Декан,**
**Проф. м-р. Мими Таневска Србиновска**

Доставено до : архива, објава на веб страна